ПП бр: 13 - 26/ 5
08.05.2026

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.13-26/5 од 11.04.2025 година против Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 08.05.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија, со ЕМБС: 4778545, ЕДБ: 4002994130347 и трансакциска сметка: 200000996344319 во Стопанска Банка АД Скопје, сторило прекршок од член 27 став (1) точка 2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, на начин што, постапувајќи по Заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истиот, односно до 04.04.2025 година, не доставило целосна листа на купувачи (со назив, седиште и даночен број) со кои има склучено договори за снабдување, туку доставило нецелосни податоци, односно само два договори (со ДПТУ Жито Дооел Велес од 23.09.2024 година и со Макпетрол АД Скопје од 12.03.2025 година), со што не постапило по барањето на КОП во целост.
Со наведеното дејствие, правното лице сторило прекршок од член 27 став (1) точка 2) од Законот, поради што му се изрекува глоба во износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека одговорното лице (управител) во правното лице Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија, Зоран Ристески со живеалиште на адреса ул. „Новосадска“ бр. 10, Битола, Република Северна Македонија, сторил прекршок од член 27 став (2) од Законот, поради што му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобите од точка 1) и точка 2) од ова решение, сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска

сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение:**

На 19.03.2025 година, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:„КОП") донесе Заклучок за барање на податоци ПП бр.13-26/2, со кој од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ЦЕРМАТ ПРОИЗВОДСТВО ДООЕЛ увоз-извоз Битола беше побарано во рок од 8 дена да достави, меѓу другото, и целосна листа на купувачи (со назив, седиште и даночен број) со кои има склучено договори за снабдување. Со допис ПП бр.13-26/3 од 19.03.2025 година, Заклучокот беше испратен со правното лице.

На 04.04.2025 година, Цермат достави допис ПП бр.13-26/4 од 04.04.2025 година, со кој наместо целосна листа на купувачи достави само два договори склучени со ДПТУ Жито Дооел Велес и Макпетрол АД Скопје, со што не постапи по барањето на КОП во целост.

Во текот на постапката, на 19.05.2026 година, Цермат во рамки на писмено изјаснување достави комплетна листа на купувачи, што преставува задоцнето исполнување на веќе пропуштена законска обврска.

На 19.06.2025 година, КОП донесе решение кое подоцна беше поништено со пресуда на Управниот суд УПРК бр.19/2025 од 13.02.2026 година, доставена до Комисијата на 22.04.2026 година.

Согласно наведената пресуда, Управниот суд утврди дека претходното решение содржи нејасен диспозитив и не содржи доволен фактички опис на дејствијата со кои се остварува битието на прекршокот, ниту пак се наведени времето, местото и конкретното дејствие на сторување на прекршокот, како и тоа дека КОП не утврдил дали се навремени и прифатливи понудените обврски од страна на тужителот Цермат, при што пропуштил да донесе заклучок по доставеното писмено произнесување од тужителот од 13.05.2025 година во кое е даден предлог за преземање на обврски за отстранување на евентуални повреди што преставува повреда на законската процедура која треба да му претходи на донесувањето на решението утврдена со член 22 од Законот.

Постапувајќи по насоките на Управниот суд, КОП во ова решение изврши јасно и прецизно утврдување на сите релевантни елементи на прекршокот, вклучително и дејствието на сторување, времето и начинот на извршување, со што се обезбедува целосен и јасен фактички опис на прекршокот.

Во повторената постапка, КОП го разгледа и писменото изјаснување на Цермат од 19.05.2025 година, во кое беше предложено преземање на обврски согласно член 22 од Законот. По спроведена анализа, КОП донесе Заклучок ПП бр. 13-26/3 од 08.05.2026 година, со кој предлогот за преземање на обврски **не се прифаќа**, поради тоа што предложените обврски не се доволни за отстранување на околностите кои биле причина за поведување на прекршочната постапка.

---

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Согласно прибраните докази, КОП утврди дека Цермат бил должен во утврдениот рок да достави целосна листа на купувачи, а наместо тоа доставил само дел од бараните податоци, со што сторил прекршок со доставување на нецелосни податоци.
Задоцнетата достава на комплетната листа не ја отстранува веќе сторената повреда, бидејќи прекршокот е сторен во моментот на истекот на рокот за постапување по барањето. Наводите на Цермат дека се работи за различно толкување на обврската не се основани, бидејќи барањето на КОП било јасно, конкретно и недвосмислено.
Согласно 27 став (1) точка 2) од Законот, а во врска со барањето на податоци согласно член 18 од Законот, КОП на правното лице ќе му изрече глоба за прекршок на правното лице во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за голем трговец ако истото достави неточни, **нецелосни** или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок.
Согласно 27 став (2) од Законот, а во врска со барањето на податоци согласно член 18 од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.
Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.
Согласно 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.
Согласно 28 став (3) точка 2) од Законот, КОП при одмерување на глобата го зема во предвид фактот дека сторителот на прекршокот ефективно соработуваше со КОП.
При одмерување на глобата, КОП ја имаше предвид тежината на прекршокот, неговиот процесен карактер, како и фактот дека Цермат дополнително доставил целосна листа на купувачи, што претставува олеснителна околност.
Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**